НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година V. бр. 162. Дата: 04. 02. 2013.

## Необични и смешни слогани

Во обид, подобро да се промовираат и да ги привлечат своите муштерии, многу компании измислуваат досетливи и атрактивни слогани, кои се нивната препознатлива реклама. На пример, „Coca Cola“ е позната со слоганот: „Секогаш Кока Кола“. Компанијата за спортска опрема „Adidas“ го има слоганот „impossible is nothing“ (невозможното е ништо). „Nike“ порачува „just do it“ (едноставно направи го) ...
Но, постојат и необични и смешни слогани. Еве некои од нив, подолу:

- „Кај нас сте секогаш први.“- фирма со илјадници членови.
- „Важни сте ни вие,а не вашите пари“ - фирма со милионски профит.
- „Кога ќе видете ѓубре, помислете на нас“- комунално претпријатие.
  „Ќе ни биде мило да соработуваме“ – погребално претпријатие.
- „Ќе се радуваме, да ве гледаме почесто“- медицинска клиника.
- „Ве очекуваме повторно“- затворска институција.
- „Кај нас, вие сте кај своето семејство“- зоолошка градина.
- „Постојано со вас, до крајот на животот“- адвокатска фирма.
- „ Сетете се на нас, пред да биде предоцна“- фирма за тоалетна хартија.
- „Ако сакате да си го видете семејството, соработувајте со нас“, очна клиника.

Христијаните имаат свои, популарни слогани (особено на запад), кои ги поставуваат како налепници на своите автомобили, или на своите куќи и излози. Овие слогани пренесуваат важна, духовна вистина, или поттикнуваат на размислување. Еве барем два од нив:

- **“What would Jesus do?” –W.W.J.D. (Што би направил Исус?)**

Овој слоган стана популарен помеѓу помладите христијани во Америка, во 1990г. Денес младите најчесто го носат во форма на нараквица, на која слоганот е во вид на акроним „W.W.J.D“.

Намерата на слоганот е да ги мотивира христијаните да се однесуваат онака како што би се однесувал Исус, особено во деликатни и искушувачки ситуации. Секогаш кога ќе се најдеш во морална дилема, запрашај се: „Што би направил Исус?“
Се разбира, за да го добиеш одговорот, треба како христијанин, добро да го познаваш животот и учењето на Исус Христос, а и Него, лично.

- **“ ΙΧΘΥΣ” –Ихтус (старогрчки збор за риба)**

Овој слоган, заедно со знакот за риба, христијаните го користеле уште во првите векови, како христијански симбол, пред крстот.
Зборот “ ΙΧΘΥΣ” е акроним и зад петте букви се кријат следниве зборови, кои се основа на христијанската вера уште од почетокот:
**Ἰ**ησοῦς (Исус), **Χ**ριστός, (Христос) **Θ**εοῦ (Теос), **Υ**ἱός (Иос), **Σ**ωτήρ" (Сотир).
Преведено на македонски, гласи вака: „Исус Христос, Божји Син, Спасител“.

Овие слогани нема да ги најдете во Библијата, но со сигурност, тие имаат библиска основа. Добро е ако тие се водилки и во вашиот христијански живот и одраз на вашата вера.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**